# Насоки за поврзување на платформата за интероперабилност

Чекорите за приклучување на една институција/компанија на на платформата на интероперабилност, се дадени подолу во овој документ. Секоја институција/компанија најпрво треба да го исполни правниот дел од овие насоки, а потоа да продлжи со техничкиот дел. Сите активности кои се про

- **<u>Правен дел</u>**

1. Институцијата/компанијата праќа допис до МИОА со барање да се приклучи на платформата за интероперабилност;
2. МИОА одговара на дописот со:
    - официјален допис со потребните предуслови за приклучување на платформата за интероперабилност вклучително минималните технички предуслови за комуникациски клиент;
    - договор за користење на националната платформа за интероперабилност, помеѓу МИОА и институцијата/компанијата, потпишан од МИОА;
3. Институцијата/компанијата го потпишува договорот и две копии враќа на МИОА.

- **<u>Технички дел</u>**

- МИОА праќа информација за минималните технички предуслови за комуникациски клиент кој треба да го набави институцијата/компанијата (информација за минималните технички предуслови за комуникациски клиент има и на сајтот на МИОА);
- институцијата/компанијата набавува комуникациски клиент, со карактеристики дефинирани во минималните технички предуслови за комуникациски клиент (еднократен трошок);
- институцијата/компанијата го отстапува комуникацискиот клиент на МИОА за администрација, за цело времетраење на користење на платформата за интероперабилност;
- МИОА го инсталира и конфигурира комуникацискиот клиент;
- одржувањето на платформата за интероперабилност е целосно покриено од страна на МИОА;
- институцијата/компанијата договара со институциите/компаниите со кои има потреба да разменува податоци, кои податоци ќе ги разменува;
- најчесто институциите/компаниите кои разменуваат податоци склучуваат билетерални договори за размената (ова не е законска обврска и се прави во зависност од тоа што ќе се договорат двете институции);

- за потребите на институцијата/компанијата можат да се реискористат постоечките сервиси за размена на податоци кои веќе постојат на платформата за интероперабилност;
- ако нема можност да се реискористат постоечки веб сервиси, тогаш тоа го прават институциите кои имаат потреба од размената на соодветните податоци;
- трошокот за развој на нови веб сервиси е на страната на инсттуциите кои разменуваат податоци.